**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА**
**ЦЕЛОСЕН НАЗИВ НА ЕДИНИЦАТА/ФАКУЛТЕТОТ**

Лого на соодветниот факултет

**Назив на студиската програма**

# НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ

докторски проект

Кандидат
број на индекс

Ментор

## СОДРЖИНА

Прегледно средена структура на трудот – наслови и поднаслови со број на страницата на која тие се наоѓаат.

**НАСЛОВОТ СОДРЖИ 15 ЗБОРА (СИТЕ ГОЛЕМИ БУКВИ, ЗАЦРНЕТИ, ВО ТАЈМС ЊУ РОМАН, ФОНТ 12)**

**Име и презиме на студентот (зацрнети, фонт 12)**
Единица/Факултет, Универзитет, држава
ORCID iD (регистрација на https://orcid.org/)
електронска адреса

**Име и презиме менторот (зацрнети, фонт 12)**
Единица/Факултет, Универзитет, држава
ORCID iD (регистрација на https://orcid.org/)
електронска адреса

**Апстракт (поимот е зацрнет, првата буква е голема, тајмс њу роман, фонт 12, единечен проред)**

Овде треба да се напише апстрактот. Во него, прво, истражувачкиот проблем треба да се стави во контекст на светските истражувања, а потоа, јасно да се наведат (да се постават) истражувачкото прашање/истражувачките прашања или хипотезите и целта на истражувањето. Исто така, треба да се дадат податоци за примерокот и методологијата што се употребува во истражувањето за да се постигне целта (методите за собирање и анализа на податоците). Понатаму, треба да се наведат резултатите од истражувањето (она што се открива од анализата на податоците). На крајот од овој дел, треба да се даде општ заклучок, да се напише она што произлегува од истражувањето (импликации) и да се дадат препораки.

Апстрактот треба да содржи 250 збора.

Секој наведен структурен елемент се претставува најмногу со две реченици.

**Клучни зборови (поимите се зацрнети, првата буква е голема, тајмс њу роман, фонт 12, единечен проред)**: Овде се наведуваат од 3 до 5 клучни збора.

## 1. Вовед (насловот е зацрнет, првата буква е голема, тајмс њу роман, фонт 12, единечен проред)

Текстот на докторскиот проект треба да биде 10 страници вклучувајќи ја и користената литература. Во овој дел, треба да се запишат темата и целта на истражувањето, мотивацијата за истражувањето, оправданоста на истражувањето, односно придонесот на истражувањето во областа и ограничувањата на истражувањето (ако ги има). Кон крајот на воведот, накратко треба да се напишат истражувачкото прашање/истражувачките прашања или хипотезите и да се образложат методологијата и материјалите што се користат во истражувањето.

При цитирањето на истражувачите што даваат придонес во областа во овој дел, треба да се користат следниве модели: Ваквото размислување го поддржува и Талевски (1981); Голем број истражувања сведочат за позитивното влијание на... (Талевски, 1981; Трајковски, 1985; Михајловски, 1989).

Ако истражувачот на кој се повикува канидатот има странско презиме, прво треба да се транскрибира презимето (да се запише како што се чита на македонски), а потоа, во загради да се стави оригиналното презиме. На пример, Ваквиот став се

забележува и кај Ричардс (Richards, 2002); Претходните истражувања укажуваат на... (Хофман – Hofmann, 2012; Берг – Berg, 2013) итн.

Секој параграф од воведот, треба да е вовлечен надесно.

Ако во воведот се употребуваат поднаслови, тогаш при пишување на поднасловите, се следи моделот:

***Поднаслов 1.1.* (поднасловот е зацрнет и закосен, првата буква е голема, тајмс њу роман, фонт 12, единечен проред)**

Во овој дел, се претставуваат согледувањата поврзани со овој поднаслов.

***Поднаслов 1.2.* (поднасловот е зацрнет и закосен, првата буква е голема, тајмс њу роман, фонт 12, единечен проред)**

Во овој дел, се запишуваат ставовите поврзани со овој поднаслов.

Бројот на поднаслови го определуваат кандидатот и менторот.

**2. Преглед на литературата/Поширок истражувачки контекст (насловот е зацрнет, првата буква е голема, тајмс њу роман, фонт 12, единечен проред)**

Овде, истражувањето треба да се постави во поширок истражувачки контекст, односно да се запознаат читателите со различни извори што на ист, сличен или различен начин му приоѓаат на истражувачкото прашање/проблемот/појавата што се истражува. На тој начин, се согледува она што веќе е истражено, во однос на проблемот во светски рамки. Овој дел е важен зашто резултатите од истражувањето, може да се во позитивна или негативна корелација со резултатите добиени од веќе спроведените истражувања во областа. Преку овој дел, се подобрува и методологијата, односно се стекнуваат сознанија за методите за собирање и анализа на податоците што се употребени во нив.

За она што истражувачите веќе го имаат испитано, во однос на проблемот/појавата што се истражува, пожелно е да се користат моделите: Петровски (2012) открива дека...; Митревски (2013) се согласува со ставот... или Голем број истражувања ја потврдуваат улогата на... (Митревски, 2013; Трајковски, 2014) итн. Ако истражувачите се странци, треба да се почитува моделот наведен во Воведот.

И во овој дел може да има поднаслови, а во тој случај, треба да се следи моделот:

***Поднаслов 2.1.* (поднасловот е зацрнет и закосен, првата буква е голема, тајмс њу роман, фонт 12, единечен проред)**

Во овој дел, се претставуваат согледувањата поврзани со овој поднаслов.

***Поднаслов 2.2.* (поднасловот е зацрнет и закосен, првата буква е голема, тајмс њу роман, фонт 12, единечен проред)**

Во овој дел, се претставуваат согледувањата поврзани со овој поднаслов.

Секој параграф од овој дел, треба да е вовлечен надесно.

Бројот на поднаслови го определуваат кандидатот и менторот.

**3. Методи и материјали (насловот е зацрнет, првата буква е голема, тајмс њу роман, фонт 12, единечен проред)**

Во овој дел, јасно и прецизно треба да се напише дали истражувањето е квантитативно, квалитативно или комбинирано и да се наведат: истражувачкото прашање (прашања) или хипотезите, популацијата и примерокот во истражувањето и

методите што се употребуваат за собирање и анализа на податоците. Тоа значи дека треба да се објаснат методологијата и материјалите што се користат за да се постигне претходно наведената цел, односно да се опише точно она што се презема за да се одговори на прашањето/прашањата или да се тестираат хипотезите, но и техниките/алатките, апаратурата, постапките, учесниците и изворите во истражувањето).

При определување на популацијатата и примерокот, но и на методите за собирање и анализа на податоците, кандидатот треба да ги наведе теоријата, пристапот и анализата на кои се потпира или на кои се повикува во истражувањето.

Секој параграф од овој дел, треба да е вовлечен надесно.

**4. (Анализа), резултати и дискусија (насловот е зацрнет, првата буква е голема, тајмс њу роман, фонт 12, единечен проред)**

Анализата може да се претстави одделно, а резултатите и дискусијата, да се претставаат како една целина. Исто така, може сите три делови да се претставаат како една целина. Делот дискусија зависи од тоа дали кандидатот претставува анализа или резултати. Ако претставува анализа, делот дискусија, на некој начин, ги повторува клучните точки за тоа како резултатите се вклопуваат во литературата за таа област. Ако има посебен дел резултати, дискусијата му овозможува на кандидатот да ги разработи претставените видувања. Во овој дел, се откриваат и областите што бараат натамошно истражување.

Во воведот се веќе наведени едно или повеќе истражувачки прашања или хипотези, па, во овој дел, кандидатот ги одговара тие прашања или ги потврдува/не ги потврдува хипотезите и му кажува на читателот што значи тоа што е откриено. Во овој дел, може да се стават сугестии, на пример, за промена на практиката или да се дадат насоки за натамошни истражувања. На крајот од овој дел, треба да има податоци за импликациите од истражувањето, но и да се укаже на начинот на кој анализата и интерпретацијата на емпириските податоци придонесуваат во областа.

Ако резултатите се наведуваат во табела, **на средината под табелата** се пишува Табела 1:, а по двете точки, она на што таа се однесува. На пример,

| **Наслов 1** | **Наслов 2** | **Наслов 3** | **Наслов 4** |
|---|---|---|---|
| М | Податоци | Податоци | Податоци |
| | Податоци | Податоци | Податоци |
| | Податоци | Податоци | Податоци |
| Ж | Податоци | Податоци | Податоци |
| | Податоци | Податоци | Податоци |

Табела 1: Податоци за учесниците во истражувањето

Ако резултатите се претставуваат со графикони, **на средината под графиконот** се пишува Графикон 1:, а по двете точки, она на што тој се однесува. На пример,



Графикон бр. 1: Податоци за учесниците во истражувањето

Ако резултатите се претставуваат со слика, **на средината под сликата** се пишува Слика 1:, а по двете точки, она на што таа се однесува.



Слика бр. 1: Податоци за учесниците во истражувањето

Ако се споредуваат слики/графикони, тие треба да бидат означени со (а) и (б). **На средината, под сликата/графиконот**, се пишува Слика 1: или Графикон 1:, а по двете точки, се пишува (а), па се наведува тоа на што се однесува сликата/графиконот (а) и (б), па се наведува тоа на што се однесува сликата/графиконот (б). На пример,



(а) (б)
(а) (б)
(а) (б)

Слика 1: Податоци за учесниците во истражувањето, (а) Машки пол, (б) Женски пол
Слика 1: Квасци и мувли, (а) Серија 01С, (б) Серија 02Р (недела)
Графикон 1: Профил на текстурата за кефирите од сериите ПК и ПКЈ, (а) Ден 1, (б) Ден 14

И во овој дел, може да има поднаслови, па во тој случај, се следи веќе наведениот модел.

Ако се употребуваат формули, треба да се даде опис на елементите на формулата (што прикажуваат одделните оператори, што е операцијата). Исто така, по равенката, треба да се даде објаснување на формулата. Формулите треба да се означат со соодветен број што го означува насловот на главата. Ако формулата е позајмена, треба да се даде нејзиниот извор.

На пример,
Формула ab + cd = ef (Формула бр. 2 – 1), што значи дека формулата е поврзана со насловот на главата 2 и е прва во таа глава.

***Поднаслов 4.1.*** **(поднасловот е зацрнет и закосен, првата буква е голема, тајмс њу роман, фонт 12, единечен проред)**
Во овој дел, се претставуваат сознанијата поврзани со овој поднаслов.
Бројот на поднаслови го определуваат кандидатот и менторот.

***Поднаслов 4.2.*** **(поднасловот е зацрнет и закосен, првата буква е голема, тајмс њу роман, фонт 12, единечен проред)**
Во овој дел, се претставуваат сознанијата поврзани со овој поднаслов.
Бројот на поднаслови го определуваат кандидатот и менторот.
Секој параграф од овој дел, треба да е вовлечен надесно.

## 5. Заклучок (насловот е зацрнет, првата буква е голема, тајмс њу роман, фонт 12, единечен проред)

Овде треба да се наведат заклучните согледувања. При пишување на овој дел, треба да се избегнува употребата на истиот речник што се користи во целото истражување и да се бараат синонимни зборови со кое ќе се заокружи проблемот/појавата. Во овој дел, се сумираат резултатите и се укажува на натамошните насоки во кои може да се развива истражувањето.

**Благодарност (насловот е зацрнет, првата буква е голема, тајмс њу роман, форнт 12, единечен проред)**

Овде може да се изрази благодарност до поединци или групи кои на кој било начин (морално, финансиски и сл.) помогнале во истражувањето.

**Користена литература (примери) (насловот е зацрнет, првата буква е голема, тајмс њу роман, фонт 12, единечен проред)**

Овде треба да се наведе користената литература. Прво, литературата на кирилица (по азбучен ред), потоа, онаа на латиница (по абецеден ред), а на крајот, интенет-извори и сл. Треба да се користи стилот на Американската психолошка асоцијација АПА, најновото седмо издание. Ако изворот има број DOI, и тој треба да се наведе.

**Примери**:

**а) Труд во списание**

Талевски, Ј. (2012). Описно оценување. *Меѓународно списание „Учител“, 12,* 23–33. (ако има број DOI, и тој треба да се наведе).

Талевски, Д. (2013). Формативно оценување. *Меѓународно списание „Практика, 13*(1), 35–45. (ако има број DOI, и тој треба да се наведе).

Biemmi, I. (2015). The imagery of gender in Italian textbooks. Research into primary school books. *Foro de Educación, 13*(18), 15–35. (ако има број DOI, и тој треба да се наведе).

**б) Книга**

Митревски, П. (2021). *Информатика*. Битола: ФИКТ.

Милошевска, М. (2021). *Инклизивна педагогија*. Битола: Педагошки факултет.

Holmes, J. (1996). *An introduction to sociolinguistics*. England: Longman Group UK Limited.

**в) Труд во зборник од конференција или труд во книга**

Тасевска, Е. (2015). Практични педагошки методи. Во Зборник од Меѓународната конференција *„Образованието во 21 век“* (28–36). Битола: Педагошки факултет.

Павловска, А., Трајковска, М. (2016). Говорни чинови. Во Ивановска, Б. и Кусевска, М. (уреднички), *Прагматички истражувања* (123–134). Штип: Филолошки факултет.

Burns, A. (2009). Action research. In Heigham, J. & Croker, A. R. (ed.), *Qualitative research in applied linguistics. A practical introduction* (112–134). Palgrave: Macmillan.

**г) Статија од весник**

Милошевска, А. (1.3.2019). Битола има проблеми со водоснабдувањето. novamakedonija.com, линк до статијата, пристапено на 1.5.2021 г.

**д) Законодавство: акти и прописи**

Насловите на законите (акти, регулативи, правила и подзаконски акти) треба да се цитираат точно без промена на правописот или големината на буквата.

Редослед: Име на законот, број на Службениот весник § број на делот (годината). URL.

**Пример 1**

Anti-Smuggling Act, 19 U. S. C. § 1701 (1935). https://www.loc.gov/item/uscode1958-004019005/.

Цитат во текст: (Anti-Smuggling Act, 1935).

**Пример 2**

Закон за заштита на културното наследство, Сл. весник на РМ, 20/04 § 3 (2004). https://www.linkstovodidirektnodocitiraniotzakon.

Цитат во текст (Закон за заштита на културното наследство, 2004).

Кога од законот се цитираат повеќе последователни делови, по почетниот број на делот, се додава латинскиот терминот „*et seq*." (македонски: „и следи") во курзив и со точка.

**Пример**

Закон за заштита на културното наследство, Сл. весник на РМ, 20/04 § 3 *et seq*. (2004).

**ѓ) Судска пракса**

– Начин на цитирање на судската пракса на Судот на правдата на ЕУ

**Пример**



– Начин на цитирање на судската пракса на Европскиот суд за човекови права

**Пример**

*Kyprianou v. Cyprus* [GC], бр. 73797/01, ECHR 2005-XIII

***Законодавството и судската пракса се целосно вклучени во користената литература, по азбучен или абедеден ред меѓу другите извори.**

Поголем број примери може да се најдат на веб-страницата на APA (седмо издание) на следниот линк https://www.scribbr.com/apa-style/format/.

**ПРИЛОЗИ**

По користената литература, ако има потреба, кандидатот може да стави прилози.

**ЈАЗИК**

Текстот треба да е на македонски јазик и да е лекториран.